# Анализа на програмската шема на националните телевизии во новата сезона – 2019/2020




Изработил:

**Институт за развој на**

**електронски комуникации**

**ИНРЕКОМ Скопје**

Октомври, **2019** година

**Содржина**

1. Вовед ........................................................................................ 3
2. МРТ 1 ………………………………………………………………….. 4
3. Сител ………………………………………………………………….... 6
4. Канал 5 …………………………………………………………….... 8
5. Алфа ……………………………………………………………………... 9
6. Телма …………………………………………………………….…..... 11
7. Алсат …………………………………………………………….…..... 12
8. ТВ 24 (Вести) …………………………………………………….…... 14
9. ТВ 21 ……………………………………………………………….…..... 15
10. Заклучок ……………………………………………………… 17

# Вовед

Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје изготви кратка анализа во која сублимира што донесе новата сезона на повеќето македонски телевизии со национална концесија.

Во анализата се опфатени првиот програмски сервис на јавниот сервис Македонска Радиотелевизија (МРТ1), како и на приватните телевизии со национална терестријална концесија: Сител, Канал 5, Алфа, Телма и Алсат, но и на двата сателитски канали со национална концесија: ТВ 24 (Вести) и ТВ 21. Останатите радиодифузери не се анализирани поради немање јавно достапни податоци околу нивната програмска шема.

ИНРЕКОМ се оградува во однос на точноста за термините на емисиите и сериите споменати подолу, поради променливата природа на програмската шема на каналите, а анализата се однесува на периодот во текот на третата и четвртата недела од месец октомври. Дополнително ИНРЕКОМ нема цел да влијае врз уредувачката програма на каналите, туку им помага на македонските гледачи да ги согледаат програмите на едно место, а воедно дава мислење во насока на подобрување и предлог да се понуди нешто ново.

Во продолжение се кратките анализи поединечно на каналите, како и заедничкиот заклучок на крајот од анализата.

## Македонска Радио Телевизија – прв програмски сервис (МРТ 1)

Македонската Телевизија (МРТ) оваа ТВ сезона претстави најголеми промени во програмската шема. Особено во делот на програмата наменета за помладата публика, како и љубителите на спортската програмска понуда.

Денот на МРТ започнува со епизода од народните приказни во 06:15 наутро, како предвесник на утринската програма „Македонија Наутро“ која се емитува од понеделник до сабота со почеток од 06:45 часот. Утринската програма терминот го потполнува до 09:15 по што има простор за получасовно музичко интермецо до 09:45, кога се емитува детскиот блок приказни „Си било еднаш“.

Од 10:20 следува детската емисија, која е пандан на Бушавата азбука, а го носи името „Од А до Ш“  По неа следува култната емисија за деца и младинци – „Ѕвон“ во 10:30 часот.

Блокот за младата публика продолжува со повторните реприզи на цртаниот серијал „Дора Истражува“ од 11:25, реприза на „Лалапусите“ од 11:55, а потоа следува епизода од „Македонски Народни Приказни“ во 12:25.

Периодот од 13:20 па сè до 15 часот се пополнува со репризни изданија на „Неделен Магазин“, „Преспав“, „И што сега“, „Пејачи и песни“, „Аграр“ и останати емисии чија премиера е во викенд појасот или прајм-тајм сегментот на МРТ.

Репризата на младинската „Ѕвон“ се емитува во 15:20, а потоа следува „Забавно Студио“ од 16:15 сè до првиот ТВ Дневник во 17 часот. Емисијата „Научен спектар“ е на распоредот по дневникот во 17:50, за потоа програмата да продолжи со емисијата „Забавно студио - Фолк џубокс“ во 18:15 до 19:05 кога започнува цртан серијал за деца.

Информативниот магазин „И што сега?“ следува по Дневникот со почеток во 20:05 и е смислена како стандардизирана дебатна емисија

на МРТ. Следува реприза на македонската играна серија „Преспав“ од 21:15, а потоа во 21:50 следува нова епизода од серијата „На пат кон дното“, а во вечерниот термин од 23:10 на програмата е Уметничко лизгање (САД) како спортска понуда на МРТ.

Во петок програмата е иста, со разлика во однос на делот во прајм-тајм кога од 20:15 на програмата е серијалот „Магичен поглед на продажба“, како и спортската понуда на француски фудбал од 20:40.

Викендите на МРТ се период кога има нијанса побогата програмска понуда во спортска и продукциска смисла, па така во сабота на програмата може да се најдат „Македонија наутро“ со почеток од 08 часот. Саботите се резервирани за програмска понуда од македонскиот спортски витраж. Фудбалските преноси од Првата македонска лига се на програмата во текот на викендите, со различни термини.

На спортската програма може да се најдат и преноси од италијанската „Серија А“ која се враќа на македонските екрани по долгогодишна пауза. Натпреварите и нивото одржување честопати влијаат на програмската шема, но рејтингот кој тие го носат на МРТ веројатно го оправдува овој потег.

Во сабота на програмата се емисиите „Витраж“, „Пријатели на модата“, „Забавно студио“, додека во вечерниот термин во 20:15 следува игран филм, потоа снимка од некој концерт од рубриката „МРТ Анплагд“ која доби нова сезона

Недела наутро МРТ ги посетува „Убавите села“, а од 10:05 на програмата е ребрендираниот детски серијал „Дајте музика“, „Неделен магазин“ е на програмата од 11:25, а во попладневните часови по 13 часот следува спортска програма (во зависност од понудата). Во 15:25 е емисијата за земјоделство „Аграр“, по неа уште едно издание на „Забавно студио“, информативен блок, повторно забавно студио од 17:40 па документарниот серијал „Дивите замоци“ од 18:40.

По дневникот во 19:30, во недела, од 20:15 се емитува европанорамата „Агенда 35“, емисија со информативен карактер поврзана со интеграцијата на РМ во Унијата. Уште едно издание на

„Пријатели на модата“ е на програмата од 20:55, а од 21:15 терминот е резервиран за игран филм.

## ТВ Сител

Веќе пет години по ред телевизија Сител нема направено поголеми промени во програмската шема. Со тоа, кај гледачите се приметува монотонијата и се чувствува потребата од новитети во програмата.

Информативните блокови остануваат исти: 07:00, 08:00, 09:00 во рамки на утринската програма. Потоа во 12:00 и 16:00 часот. Дневник 1 во 19:00 и Дневник 2 во 23:00 часот. Она што е ново во информативниот дел е тоа што веќе не се емитуваат Бизнис вести, кои одеа по завршувањето на дневникот. Отсега, економските вести се емитуваат во склоп со останатите дневни и актуелни информации во Дневник 1.

Добропознатата утринска „Ја сакам Македонија“ се емитува секој работен од 6:45 до 10, а во сабота од 7:00 до 10:30ч.

Секој работен ден од 12:10ч, на тв Сител се емитува „Практична жена”- емисија која ги советува домаќинките како да си го поедностават животот, а нуди и брзи решенија за многу проблеми во кујната, тоалетот, совети за фамилијата, домот, телото, убавината.

Лиценцираните шоуа во текот на работната недела „Брза куна“ во 17:00 и „Се или нешто“ во 17:50 продолжија со нови сезони, во стари термини. „Листа за триста“, пак, е забавен квиз во кој учесниците имаат можност да добијат богати награди ако ја завршат листата со прашања. Се емитува секоја сабота и недела во 18:00ч.

Политичкиот магазин „Детектор“ ја започна својата втора сезона. Секоја недела од 16:30 со гости во студиото, но и резултати од претходно изготвени анкети, се анализираат актуелни состојби во сферата на политичкиот и општествениот живот.

Исто така, за време на викендот, во 17:00ч се емитува „Мерак меана“-музичка емисија во која се пеат македонски и балкански песни.

А секоја недела, 21:00ч е термин резервиран за балканското музичко шоу „Твоето лице звучи познато – ТЛЗП“. Шоуто руши рекорди на гледаност на Балканот,  а има хуманитарен карактер. И годинава, како и во претходните две сезони, Македонија има свој учесник.

Што се однесува до играната програма, од понеделник до петок, во 10:00ч наутро се емитува „Фамилијата Реј“-мексиканска ТВ новела, која критиката и публиката ја споредија со култната американска серија "Далас".

Во текот на работната недела, не изостануваат турските серии: „Далеку од дома“ во 19:45, „Истанбулската невеста“ во 21:00 и „Ќерките на Фазилет“ во 22:00 – прогласена за најгледана турска серија за 2017/18.

По вечерниот дневник, пак, од понеделник до петок се емитува и американската серија „Чикаго ФД“ во 23:30–серија полна со акција и адреналин.

Ситeл се грижи и за вниманието на најмалите, па така за време на викендот, во утринските часови се емитуваат две цртани серии: „Гарфилд“ од 10:00ч и „Винкс“ од 10:30.

За време на викендот во утринските часови се емитува и „Гоустрокерс“во 11 часот, белгиска детска серија во продукција на Студио 100, од која досега се снимени над 200 епизоди.

Веднаш потоа, во сабота и недела во 12 часот се емитува „На граница“ – хрватска хумористична теленовела.

За време на викендот, исто така, одат две турски серии и тоа: „Мојот вујко“ во сабота и недела во 19:45 и „Наследници“ само во сабота во 21:00ч.

## Канал 5

Како и повеќето национални телевизии, така и Канал 5 сезонава не понуди нешто ново бидејќи рецептот за успех т.е. гледаност, не го менуваат. Во целокупната програма, воведени се само минимални измени што може да се нарече делумно ново.

Програмата на Канал 5 наутро започнува со „Здраво Македонијо" од 7 часот наутро во текот на работните денови. По неа, следува утринската програма која продолжува и попладне. Како новитет е воведена емисијата „Ние и Вие" која е поделена во повеќе рубрики. „Мојот најдобар рецепт" во 10:00ч, „Визита" во 10:20ч, а гледачите можат да го искажат мислењето за проблемите во двата последни делови „Пола саат" во 11:30 и во „Јасно и гласно" со почеток од 12:00ч.

Дебатната емисија „Само вистина" останува од понеделник до петок во 18:30 после централните вести, додека пак, во петок ја воведоа новата емисија „Само интервју", исто така, во 18:30. Од информативни изданија, исто така е забавната емисија со новости за славните личности и естрадата „Бекстејџ" кој се емитува од понеделник до петок во 22:30.

Како информативна програма, исто така, е и емисијата „Бразди" која се емитува во недела во 12 часот и е посветена за земјоделието во Македонија.

Како дел од домашна продукција, со нови сезони се и ток шоуто „Еден на еден" во недела во 18:30 и емисијата „Фчерашни новости", исто така, во недела од 19:30. Сатиричната емисија „Зевзекманија" доби нова сезона во саботниот термин од 18:30.

Детските емисии од македонска продукција продолжија со новите сезони: „Тинтири-минтири" во сабота од 9:30 и недела од 11 часот, како и „Ивце пивце со другарите" во недела во 9:30.

Од странска продукција, продолжена е соработката за емисиите „Ѕвездите на Гранд“ во сабота во 19:20 и „Никогаш не е доцна“ во недела во 19 часот.

Неизбежно е понудата на играни серии во текот на работната недела, секако, од турска продукција, па така, играат сериите: „Семејни тајни“ во 17 часот, „Мирис на јагоди“ во 19:30, „Без здив“ во 20:30 и „Ѓултери“ во 21:30 часот.

## ТВ Алфа

Со ново лого, нови студија, нови емисии, серии, со прошиен, но сè уште неекипиран тим, телевизија Алфа, симболично на 11ти овој месец се „востанови“ и покажа најголема креативност за разлика од ривалите во есенската телевизиска сезона.

Секој работен ден, од 6:30 до 11 часот, Алфа ви ја нуди утринската емисија „Добро утро, секое утро!“ Во емисијата се разработуваат теми од секојдневието, сервисни информации, забавни содржини, политички анализи, линковски вклучувања, дебати и интервјуа. Во отворената програма збор имаат и гледачите, преку отворените телефонски линии. Во рамки на утринската програма се емитува и детско шоу „Тин Мин“.

Точно напладне започнува емисијата „Добар ден, секој ден!“ Во овој формат гостуваат лица од најразлични сфери, а добропознатата контактна емисија „Збор по збор“ сега се емитува во рамки на отворената програма. „Вкусот на традицијата“ продолжува со нова сезона, а емисијата нуди и нова рубика „Супер бабички“ во која баба Рада наместо да зборува за билки, ќе ја учи женската популација на старите женски занаети.

ТВ Алфа се погрижила и за најмалите. Имено, по пауза од една година, Ненад и неговата екипа од „Мини вести“ се враќаат на малите екрани токму на Алфа и тоа секој работен ден, со почеток од 17:10ч.

Што се однесува до информативните блокови, истите ќе се емитуваат почесто, односно на секои два часа. Почнувајќи од првите утрински вести во 8:30, па 10:30, 12:30, 14:30 и 17:30. Централниот дневник по неколкугодишна пауза, се враќа во стариот термин – 19:30, а вечерните вести во 22:30.

Во текот на работната недела, со почеток од 20:20, се емитува нов политички магазин „Што не е јасно?“ во кој уредниците на телевизијата со своите избрани гости ги коментираат актуелните збиднувања на македонската политичка сцена.

За време на викендот, пак, ТВ Алфа остава простор за збор и на репортерите и на уредниците, па така, во сабота во 18ч ја гледаме емисијата „Репортери магазин“ подготвена од репортерскиот, а во истиот термин во недела, емисијата „Уредници магазин“ од уредничкиот тим.

Во утринските часови во недела, од 10 часот се емитува емисија наменета за домашни миленичиња наречена „Пет за pet“. Во соработка со зоолошката градина, ветеринари, со гости во студиото и практични совети, домаќините на емисијата ќе се обидат да го задржат вниманието на љубителите на кучиња, мачки и друг вид миленици.

Исто така, во недела во 12:00 се емитува емисијата „Најдобар работник“ – успешни приказни кои имаат за цел да ги мотивираат луѓето, но и за сите оние кои треба да ги вреднуваат. Веќе во 15:00ч, во емисијата „Кој работи – тој има“, ќе се презентираат инспиративни бизнис приказни на успешни луѓе кои докажале дека и во Македонија, успехот може да се изоди на чесен начин.

## Телма

Телма како една од петорката национални телевизии, воведе одредени мали измени во својата програмска шема.

Па така, утринската програма „Утринска на Телма“ ја укинаа и на нејзино место нудат репризни изданија на новите емисии што се како нејзина замена, а се емитуваат од пладне до попладне. Станува збор за емисиите „Телма амбуланта“ во 12:50, како и контактните емисии „90 минути“ во 13:50 и „Црвена линија“ во 16:15.

Во програмската шема остануваат дебатните емисии „Топ тема“ во стандардниот термин: понеделник, вторник, среда и петок во 19:15 и „Вин вин“ во четврток во 19:15.

Во програмата, исто така, е емисијата со истражувачко новинарство „Код“ во недела во 19:15.

Од забавните емисии остануваат и „Автомагазин“ во сабота во 12 часот, „Градини“ во недела во 11:25, „Незадолжително“ премиерно во недела во 17 часот,  а како сосема нова емисија е „Гурмански муабети“ со водителот Драган Вучиќ во сабота во 17 часот и недела во 20:00.

Како најава, Телма во соработка и со ТВ 21, ќе понудат младинско реално шоу „Нови херои“ во недела во 17:00 часот.

Од серии, Телма отсекогаш нудела поинаква програма, па така наутро во работните денови нуди „Најдобри години“ во 11:15, „Чувари на плажа“ во 17:30 и „Готам“ во 20:30. Во понеделник и вторник во 22:15 оди серијата „Фоки – шести одред“, а во среда и четврток „Водолија“ во 22:15.

## Алсат

Под мотото „Силата си ти“ оваа ТВ сезона телевизијата Алсат оди на сигурно. Препознатливите емисии како „360 Степени“ (пон и пет 22:00), „Патот Кон...“ (чет 20:45), „Програм 200“ (вто 22:00), „Економски Магазин“ (сре 22:00) и понатаму остануваат ударна тупаница во телевизискиот ринг наречен „прајм-тајм“. Солидната понуда на програми од сопствена продукција и оваа ТВ сезона е одлика на Алсат. Но, одлика останува и презаситеноста со репризи на серии и емисии, како и огромен број на турски серии.

Покрај емисиите од централното телевизиско време, утрото започнува со емисијата „Нов Ден“ секој работен ден со почеток од 08:00 часот. Програмскиот појас продолжува во низа со емисијата „Со стил“ од 10:45 часот, секој работен ден, додека од 11:45 до 16 часот термините се пополнети со репризни изданија на сериите.

Во работните денови информативниот појас е позициониран во три термини: Вести на албански јазик во 16 и 19 часот, како и Вести на македонски во 23 часот.

Попладневниот блок на Алсат во работните денови е сочинет од емисијата „Попладне со Алсат“ која веќе стана препознатлив бренд на телевизијата од  16:40, како и премиерни изданија на сериските филмови „Љубов и омраза“ од 17:25, како и  „Прости ми“ во 17:50.

По централните новости спакувани во ТВ Вести, во 19:45 започнува премиерна епизода на „Држи ме за рака“, а сижето на турска продукција го комплетира серијата „Да се заљубиме“ чие емитување е на програмата од 20:45 – секој работен ден.

По вечерните вести на македонски во 23 часот, започнува уште едно турско екранизирање под наслов „Фазилет и нејзините ќерки“ од 23:40 и трае сè до 00:30 часот, по што повторно на програмата се реприза од турските серии, но и италијанската новела „Гомора“ чиј термин е во 02 часот по полноќ.

Викенд програмата, исто така, изобилува со реприpизи во утринските часови, а единствена разлика е што нема премиерна утринска програма туку реемитување на емисиите „Со Стил“ и програма пополнета со музика.

Во саботите, премиерно се емитува емисијата „Младите Лидери“ од 11:15, емисија наменета за деца, додека „Скриена камера“ е успешниот рецепт за пополнување програма од 12:35, а потоа од 13:15 повторно реприpизи на турските серии сѐ до вестите во 16:00.

Попладневните термини се резервирани за скромна понуда на премиерна програма, па така, после вестите следува „Огледало на Здравјето“ во 16:35, емисијата за автомобилизам „Авто магазин“ од 17:10, емисијата „Надеж“ со почеток од 17:50, а потоа за да не изгубат гледачите кондиција од турските серии на програмата е „Држи ме за рака“ од 18:10 па сѐ до централните вести во 19 часот.

По вестите, љубовта е повторно на програмата преку серијата „Да се заљубиме“ од 19:40, а првата поразлична програма, после скоро три часа турски програми, е редовниот игран филм (од најразлична продукција) чиј термин е на Алсат од 20:45 секоја сабота. Следуваат вести на македонски и повторно реприpизи до следното утро.

А следното утро веќе е недела и нема ништо ново на програмата сѐ до премиерата на емисијата „Младите Лидери“ од 11:15, потоа повторно „Скриена Камера“ од 12:35 и пак реприpизи на турските серии од 13:15 се до вестите во 16:00.

Саботниот рецепт на неделен начин продолжува, па така „Огледало на здравјето“ е прва премиера во попладневните часови од 16:35, за потоа премиерната минутажа да ја пополнува емисијата „Нон-стоп“, исто така, забавна емисија за млади од 17:15... Како и емисијата „Шпуза Шоу“ од 17:50. Ваквата навидум подобра слика ќе се обиде да ја смени репризниот блок на сегментот „Саботажа“ од емисијата „360 Степени“ чија неделна компилација е на програмата од 18:35 до почетокот на вестите.

После вестите повторно турско, како сабота пресликана на недела, повторно на програмата е серијата „Да се заљубиме“ од

19:40, па турската серија „Држи ме за рака“ во 20:45, а од 22 часот следува емисијата „Се зборува“ чија премиера е в недела.

## ТВ 24 (Вести)

Телевизијата која започна како само информативна, прерасна во претежно забавен формат и оваа сезона ќе понуди плус некоја нова емисија.

Во работните денови, наутро ја нуди „Македонија денес“ како своја утринска емисија во 7 часот. По неа следува емисијата „Фактор здравје“ во 10:15, како и „Во тек“ од 12:30. Од контактни емисии, во 16 часот се емитува емисијата „Очи во очи“.

Дебатната емисија „24 Анализа“ од понеделник до среда во 20:45 и оваа сезона останува во етерот, а како новина е емисијата „Коментар со Огнен Јаневски“ во петок во 20:45.

Телевизијата 24 од домашна продукција, воведува и уште две нови емисии и тоа: „Трилинг“ во недела во 19:00 и „Флексија“, исто така, во недела во 20:45. И емисијата „Вип за еден ден“ е премиерна во среда од 19:15 часот.

Политичкиот магазин „Отворено“ продолжи со нова сезона и се емитува во стариот термин, секој вторник со почеток од 20:45

Други емисии од сопствена продукција, ги има ставено во текот на викендот, па така саботно ги имаме: информативната емисија „Откриени тајни“ во сабота во 10:50 и недела во 8:30 и емисијата за екологија „Екобаланс“ во сабота во 12:30. Во недела телевизија го резервирала терминот за: „Мозаик“ во 10:00, потоа „Моето дете“ од 12:30 и „Авто плус“ веднаш потоа, во 13:00. Во вечерниот термин во сабота од 20:45 нова сезона доби и „Живот со стил“, како и во недела од 22:45.

Од забавна програма, телевизијата ја нуди „Нема љутиш“ во сабота во 10:20 и недела во 9:00.

И емисијата „Патот кон успехот“ и оваа сезона останува во програмата, понеделнички во 18:30 и саботно во 19 часот.

Од играни серии, телевизија на своите гледачи ги понудила: „Ај не замарај“ во вторник, среда и четврток од 19 часот и „Мамини синови“ во вторник и петок во 19:25 часот. Во ноќниот термин ја нуди серијата „Афера“ во 23:45 од понеделник до петок.

Од забавната категорија, тука е и квизот „Столици“ од понеделник до петок во 18 часот.

Наскоро, македонскиот серијал „Празни муабети“ ќе добие втора сезона што ќе се емитува на овој канал, но засега нема термин. Како нешто што се најавува наскоро, е и македонската серија „Гласна куќа“, но и за неа сè уште нема конкретен термин.

## ТВ 21

Работното утро на ТВ 21 започнува со народна и музика за деца во утринскиот термин, како и „Репортажа од животински свет“ во 06:30. Репризните изданија на „21 Live NEWS“ на македонски и албански се на програмата наутро од 07:30 до 08 часот, а потоа повторно музички блок до почетокот на утринската програма „Чекај зелено“ со Викса во соработка со Радио Метрополис.

Од 11 часот е репризата на „Урбан Таг“ и „Клик плус“ емитувани денот претходно, а попладневниот блок започнува со серијата „Завет на љубовта“ од турска продукција која всушност е репризна епизода на онаа емитувана претходниот ден во вечерниот термин. Единствено во четврток наместо турски серии се емитува репризно издание на емисијата „Во фокусот“.

Првата премиера на програмата на ТВ 21 е дури во 15 часот кога се емитува првиот информативен магазин на албански „21 Live News“ од 15 часот, односно 15:15 на македонски јазик. По вестите следува

забавното „Којшија Шоу“ од 15:30, а програмското попладне продолжува со понудата на емисии во сопствена продукција.

Така, од 16:00 на програмата е младинската емисија „Урбан Таг“ на македонски јазик, а од 17:20 нејзиниот пандан на албански јазик „Пастел“, обете програми со сличен забавен концепт. Во 18:30 се првите централни вести на албански јазик, потоа следува информативниот блок „10 Минути“ во 19:15, а централните вести на македонски јазик се од 19:30.

Прајм-тајмот на 21 е простор за турски серии, па така, од 20:05 на програмата се емитува „Живо море“, а турскиот занес продолжува од 20:45 со премиера на „Завет на љубовта“. Терминот од 21:30 е предвиден за „21 Репортажа“ и го пополнува просторот сè до вечерните вести во 23 часот. Од 23:30 па се до следното утро продолжуваат реприви на дневната емитувана програма.

Разликата во работните денови е централното време кога во понеделник во 21:30 се емитува „Клик Плус Одаја“, во вторник од 21:30 се емитува забавното шоу „Тато е Супермен“, во среда е дебатното издание на емисијата „Клик Плус МК“. „Клик плус“ зависно од темата, во петок во 21:30 се емитува на македонски или албански јазик. Во петок на местото на „10 Минути“ е програмскиот појас со хуманитарен карактер под наслов „И јас сум тука“ од 19:10, како и емисијата „35 милиметри“ в петок од 20:30.

Викендите на 21 започнуваат со девет часовна репризна програма, следуваат премиери на емисиите: „Урбан таг“ во сабота од 16 часот, како и емисијата „Пастел“ од 17:20, емисијата „И јас сум тука“ од 19:10, како и премиерно издание на „35 мм“ од 20:05... Саботна вечер со „21 репортажа“ од 20:30 до вестите во 22 часот, а како за крај „Ореон Шоу“ од 22:30.

Во недела сликата е за нијанса подобра, па така, наутро веќе во 9 часот ја имаме првата премиера на емисијата „Млади херои“ во копродукција со Телма ТВ, а потоа добриот рецепт на бесконечни реприви на емисии како „Клик Плус“, „Урбан Таг“ и останатите емитувани претходните денови. Ваквата веќе видена слика трае сè до 14:20 кога се емитува неделниот информативен магазин „Светот во

една недела“, а до крајот на денот единствена премиера на програмата се вестите и емисијата „10 минути“. Остатокот е реприза.

## ЗАКЛУЧОК

Од погоре анализираните достапни податоци, слободно може да се заклучат неколку главни поенти. Најпрво, македонските телевизии одат на проверено со понудата што им носи најголема гледаност, а со тоа не сакаат да искочат од зоната на комфор и да донесат нешто ново на гледачите. Второ, македонските телевизии, со ретки исклучоци на своите гледачи им нудат лиценцирани шоу програми. Понатаму и оваа сезона програмската шема е потполнета со репризите од турските играни серии, секако со исклучок на дел од телевизиите.

Програмата каква што е моментално поставена на МРТ не ветува големи позитивни промени во состојбата со рејтингот. Бројните најавени содржини кои треба да ја одбележат оваа ТВ сезона, како новите играни серии и филмови сѐ уште остануваат само како промо блок помеѓу програмските содржини. Допрва треба да биде снимена нова сезона на македонската „Преспав“ која сега репризно се емитува. Но, дали новите содржини ќе стигнат на Прва, останува дилема, бидејќи не е непознато МРТ да најавува содржини со назнака „НАСКОРО“, но и по повеќе месеци тие да не го видат светлото на ТВ приемниците.

Македонската телевизија се труди да биде ризница на сопствена продукција, но лошиот програмски распоред, како и неажурноста во однос на ТВ програмските трендови го прави Јавниот сервис да изгледа како третокласна кабелска телевизија, а не урнек за останатите дифузери. Се чини дека златните жолто-црвени надежи за обнова на МРТ од 2012 година полека го губат сјајот. Останува да се види, дали доаѓањето на новите канали на МРТ ќе донесат свежина во етерот.

Телевизија Сител понуди минимални промени оваа сезона со серии што не се од турското подневје и за пофалба се трите лиценцирани шоу програми, кои во континуитет неколку сезони одат во етерот. Но се поставува прашањето, дали македонскиот гледач посакува нешто ново за промена?

Канал 5 освен минималната промена во утринската програма, како и воведувањето на детската промена, не донесе ништо позначително за своите гледачи.

Алфа телевизија иако со нов концепт и нови студија, исто така, најави и нови серии, реални шоуа, но и авторски емисии, за кои благовремено ќе извести телевизијата, но се’ уште ги нема, со што останува да видиме. Голем минус е и тоа што на веб-сајтот на тв Алфа не е достапна програмската шема, па така на гледачите им е ускратено правото да се информираат што и кога имаат можност да гледаат токму на овој канал.  Алфа од друга страна ги зачести информативните изданија, со што гледачот може да се запраша: дали Алфа се натпреварува со каналот 24 или пак сака да биде новата Нова или 1ТВ?

Алсат како и дел од останатите телевизии, само ги продолжи своите емисии што ги продуцираше минатата сезона, а ги замени турските серии кои претходно завршиле, со што играна програма од сопствена продукција е непознат поим засега.

За разлика од другите, ТВ 24 оваа сезона ќе понуди неколку нови серии и емисии, но останува прашањето дали медиумот сака да биде информативен или сепак сака да е со забавен карактер. Поради поголемиот дел информативни и контактни емисии, како и поголемиот дел на информативни изданија, каналот сепак останува на првичната идеја со која и започна, а тоа е да информира, што е и основна дејност на еден медиум.

ТВ 21 постои повеќе од 5 години и во тој период не успеа да ја подобри состојбата со гледаноста. Лошата програмска шема која има сериозен хендикеп во понудата на премиерна програма е можеби главната пречка. Емисиите од сопствена продукција секако се одлична шанса лошата слика со рејтингот да се подобри...

Но, лошите термини, недоволната промоција на нивното емитување се само причина плус кон неуспехот, на моменти изгледа дека оваа телевизија и не се труди да биде иновативна и интересна за да биде гледана, а заедно со ТВ 24 претендираат да бидат национални дифузери.

Единствена светла точка на телевизијата е емисијата „Клик Плус“ како дебатен формат која честопати ја „спасува“ ситуацијата со рејтингот преку интригантните дебати под водство на Фатмир Алиу.

Сублимирано во целина, домашната играна и документарна продукција речиси и да ја нема, неброејќи ги емисиите кои речиси без исклучок добија нови сезони и оваа есен. Но, едно нешто што остана непроменето се информативните изданија на вестите кај речиси сите телевизии, што се одлично решение за потполнување на просторот во етерот.

ИНРЕКОМ, како и во опширната анализа во месец Март, повторно упатува совет до Агенцијата за филм и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и до самите ТВ канали, да изнајдат средства и модалитет со што би се поттикнало поголемо производство на домашна играна продукција т.е. серии и филмови.

Иако телевизиите ги задржаа дебатните емисии, сепак политичката култура и истражувачкото новинарство во Република Македонија се’ уште треба да се развиваат и да бидат подобрувани.

Исто така, телевизиите оваа сезона се подобрени во поглед на детска и тинејџерска програма, што претставува голем плус за пофалба.

Останува да видиме дали во текот на втората половина од оваа телевизиска сезона, што ќе понудат националните радиодифузери и дали македонските гледачи ќе започнат да гледаат нешто ново.